МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број 202
Август 2026



Самит на НАТО во Анкара

„DRONE BUSTER“

Самодовербата наспроти рутината

ISSN 1857-6710







# Министерот Мисајловски дел од к
# НАТО во

Министерот за одбрана Владо Мисајловски во Анкара, Република Турција учествуваше на повеќе активности и состаноци организирани во рамки на Самитот на Алијансата, меѓу кои и приемот за министри за одбрана, организиран од турскиот министер за национална одбрана, Јашар Ѓулер, Индустрискиот форум како и церемонијата за приклучување на Франција, Финска и Шведска кон Мултинационалната соработка за воспоставување на НАТО обука за летање во Европа (NATO Flight Training Europe). За време на Самитот министерот Мисајловски учествуваше на Форумот за одбранбена индустрија во чиј фокус беа иновациите и развојот на одбранбената индустрија кои се клучен елемент за колективната безбедност, како и воспоставувањето на соработка за заеднички набавки за опремување на одбранбените сили. На форумот на кој присуствуваа високи претставници од сојузничките и партнерските земји и претставници од воената индустрија беше испратена пораката: „Нема силна одбрана без силна одбранбена индустрија!". Учеството на овој форум е исклучително важно имајќи ја предвид намерата на македонската Влада за поддршка на развојот на домашните компании во областа на наменската, воена индустрија.

На првиот работен ден, се одржа и церемонија за прием на три сојузнички земји – Франција, Финска и Шведска кон Мултинационалната соработка за воспоставување на НАТО обука за летање во Европа (NFTE – NATO Flight Training Europe) – стратешки значајна иницијатива за воспоставување на интегриран систем за летачка обука во Европа. Преку NTFE се создава ефикасен, координиран и стандардизиран долгорочен систем за обука на пилоти, техничари и воздухопловен персонал согласно НАТО стандардите и потребите. Нашата земја е дел од основачите на оваа иницијатива. Во текот на посетата Мисајловски учествуваше на приемот за министри за одбрана, организиран од турскиот министер за национална одбрана, Јашар Ѓулер каде имаше и свое обраќање пред присутните. Тој во оваа прилика ја истакна одличната соработка која ја имаат нашите две земји и му упати честитки на









# лучните состаноци на Самитот на Анкара

министерот Ѓулер за новиот објект на Министерството за национална одбрана на Република Турција. Активностите продолжија во претседателскиот комплекс во Анкара каде Мисајловски учествуваше на состанокот на Северноатлантскиот совет во формат на министри за одбрана на кој учествуваа и министрите за одбрана на земјите партнери од Индо-пацифичкиот регион. За време на овој настан со своите колеги министерот Мисајловски информираше за инвестициите од македонскиот буџет во развојот на одбраната на земјата и процесот на модернизација на Армијата, со што се јакне борбената готовност на македонската Армија, а се зацврстува и колективната безбедност на НАТО. Тој додаде дека издвојувањата кои македонската влада ги прави во поглед на одбраната, а кои ги вклучува и инвестициите поврзани со одбраната и заштитата на националната безбедност, како што е заштитата на критичната инфраструктура и изградбата на двата суштински коридори надминуваат 4% од предвидените 5% кои е потребно да се достигнат во наредните 10 години. Мисајловски нагласи дека со сите досегашни договори и поддршка која ја добива македонската армија од сојузниците и партнерите меѓу кои и преку Европскиот мировен фонд дополнително се влијае на зајакнување на капацитетите при извршување на задачите во мировните мисии и операции. Во тој контекст министерот Мисајловски нагласи дека од особено значење е двете мисии на ЕУ мисијата во Босна и Херцеговина АЛТЕА и НАТО мисијата КФОР да продолжат и да бидат гарант за стабилноста на овој регион.

Сојузниците остануваат посветени на зацврстувањето на безбедноста и единството на Алијансата, беа пораките кои беа испратени на вториот ден на состанок на Северноатлантскиот совет на ниво шефови на држави и влади. Македонската делегација на овој Самит на НАТО во Анкара пред своите колеги ја претставија македонската позиција и посветеност за континуирано унапредување на одбранбените капацитети. Дополнително од страна на министерот Мисајловски било нагласено дека земјава останува да биде одговорен и посветен сојузник кој активно придонесува кон колективната безбедност. ■

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија



Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов



Редакција:

Умит Реџепи
(технички уредник)



м-р Ксенија Митева (лектор)



Борче Лозановски (новинар)



Станка Петкова (новинар)



Печати:
„Фокус Принт Дооел“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит




16



22

# содржина

ШТИТ | година XVIII | број 202 | август 2026

Инфо
**Посета на врховниот командант на Сојузничките сили на НАТО за Европа на Република Северна Македонија** ........ 6

Глобал
**Ефектите од одлуките на Самитот на НАТО во Анкара, Р.Турција** ........ 14

Геополитика
**Малакискиот и Сингапурскиот Теснец: Азиски теснеци на глобалната трговија** ........ 16

Вооружување
**„DRONE BUSTER“** ........ 22

Воена едукација
**Самит за обука на воени пилоти** ........ 24

Воена едукација
**Военобезбедносните комуникации – темел на современото одбранбено делување** ........ 26

Вооружување
**Рачна бомба „M111“** ........ 32

Воена историја
**Полковник Арон Бенк** ........ 36

Воена историја
**Македонски револуционери – Лазар Поп Трајков** ........ 40

Психологија
**Самодовербата наспроти Рутината** 48

Воени видеоигри
**„CIVILIZATION V“ – Империја создадена од трпение, дипломатија и стратегија** ........ 52

Филм
**„Тивкиот спасител“** ........ 58

Воени фоторепортери
**Ања Недрингаус – фоторепортерка која ја документираше вистината на боиштата** ........ 59



36



48

КОН ОВОЈ БРОЈ

## ВОВЕД

*Во услови на динамична и сложена безбедносна средина, јакнењето на националните одбранбени капацитети и продлабочувањето на сојузничката соработка остануваат врвни приоритети на Република Северна Македонија. Токму овие теми се во фокусот на новото издание на месечниот магазин „Штит“, во кое ги издвојуваме најзначајните активности, настани и процеси што го одбележаа изминатиот период во областа на одбраната, безбедноста и воената соработка. Во фокусот е Самитот на НАТО во Анкара, на кој свое активно учество имаше министерот за одбрана Владо Мисајловски. Во ова издание ги анализираме пораките, средбите и придобивките од Самитот, како и ефектите што тие ќе ги имаат врз понатамошното јакнење на најмоќниот воено-политички сојуз. Министерот Владо Мисајловски месецов одржа јавна презентација со осврт на сработеното во изминатите две години од неговиот мандат, при што беа сумирани резултатите од реализираните активности. Преку конкретни проекти, инвестиции и реформи, беше претставен напредокот во модернизацијата на Армијата и развојот на одбранбениот систем. Во продолжение, ви ја претставуваме новата воена опрема набавена преку Европскиот мировен фонд – значајна инвестиција што придонесува за зголемување на оперативните способности и интероперабилноста на Армијата со сојузничките сили. Посебно внимание посветуваме и на посетата на Врховниот командант на сојузничките сили на НАТО за Европа, како и на посетата на началникот на Генералштабот на вооружените сили на Сојузна Република Германија. Овие средби ја потврдуваат силната меѓународна соработка, меѓусебната доверба и заедничката посветеност кон регионалната и евроатлантската безбедност. Изданието го заокружуваме со текстови посветени на нашето историско наследство. Ќе прочитате осврт за македонскиот револуционер Лазар Поп Трајков, како и текстот на професорката Ачкова, посветен на Илинденското востание – еден од најсветлите и најзначајни моменти во македонската историја, кој и денес останува симбол на борбата за слобода, достоинство и државност.* ■

ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник

Издавачки совет
Марија Рашковска-Стефановиќ
(Претседател)

полк. Дарко Стерјовски
(Заменик-претседател)

Членови:
– Иван Петрушевски
– Душко Аврамовски
– Виолета Костадинова
– Трајан Цековски
– Билјана Иванова
– Трајче Чатмов
– Анита Ѓонеска
– Марија Тренчиќ-Костески

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk

borce.lozanovski@mod.gov.mk

stanka.petkova@mod.gov.mk



# ВОЕНОБЕЗБЕДНОСНИТЕ КОМУНИКАЦИИ – ТЕМЕЛ НА СОВРЕМЕНОТО ОДБРАНБЕНО ДЕЛУВАЊЕ



Пишува: м-р Реџеп Мустафовски

Во услови на зголемени геополитички тензии, сајбер-војување и интензивна технолошка конкуренција, безбедната комуникација претставува еден од клучните столбови на современата одбрана. Воените и безбедносните структури денес не се соочуваат само со физички закани, туку и со ризици во дигиталниот простор, каде пресретнувањето, манипулацијата или компромитацијата на комуникациите може директно да влијае врз исходот на операциите. Поради тоа, доверливата и контролирана размена на информации станува суштински елемент на современите одбранбени системи.

Дополнително, дигиталната трансформација и зголемената употреба на мобилни уреди во операциите ја прошируваат површината за напад. Користењето комерцијални комуникациски платформи, иако широко распространето, отвора сериозни прашања поврзани со контролата врз инфраструктурата, безбедноста на податоците и отпорноста на системите на напредни сајбер-закани.




*Слика 1. Поставеноста на военобезбедносниот систем за размена на пораки (DMS)*

## Улогата на безбедните комуникации во одбранбените операции

Современите воени операции зависат од брза и сигурна размена на информации помеѓу командно-контролните структури, разузнавачките системи и оперативните единици. Во таков комуникациски еко-систем, секое нарушување на информацискиот тек може директно да влијае врз оперативната ефикасност и безбедноста на персоналот. Поради тоа, комуникациите претставуваат критична компонента на одбранбената моќ.

Иако комерцијалните апликации за пораки нудат висока функционалност и едноставност за користење, нивната




*Слика 2. Приказ на безбедна размена на информации по пат на посредништво помеѓу воениот и надворешниот домен*

примена во воен контекст носи значителни ризици. Овие системи најчесто се развиени за цивилна употреба и не обезбедуваат целосна контрола врз инфраструктурата, управувањето со криптографските клучеви или локацијата на податоците. Дополнително, зависноста од јавни мрежи и сервери ги прави потенцијално ранливи на пресретнување, метаподаточна анализа и сложени сајбер-напади.

За разлика од нив, военобезбедните комуникациски системи се дизајнирани да обезбедат доверливост, интегритет и достапност на информациите во различни оперативни услови. Тие користат напредни криптографски механизми, строга контрола на криптографските клучеви и енкрипција од „крај до крај,“ при што инфраструктурата е под целосна контрола на воените или државните институции. Дополнително, овие системи овозможуваат сигурна автентикација на корисниците, управување со пристапот до информации и детекција на безбедносни инциденти во реално време.



Военобезбедните комуникации претставуваат составен дел од командно-контролните системи, овозможувајќи координација помеѓу различни нивоа на команда, брз пренос на разузнавачки информации и поддршка при донесувањето одлуки. Нивната интеграција со други одбранбени системи придонесува за поголема ситуациска свесност и поефикасна синхронизација на оперативните активности.

Современите одбранбени операции во голема мера зависат од тоа дали комуникациските системи се сигурни. Иако дигиталните технологии овозможуваат побрза и поефикасна размена на информации, тие истовремено создаваат и нови безбедносни ризици, особено при употребата на комерцијални комуникациски платформи во чувствителни воени активности.

Затоа, развојот и примената на военобезбедните комуникациски системи претставува стратешка потреба која може да обезбеди долгорочна сигурност на комуникациите и заштита на критичните информации преку интегриран пристап што ги обединува технолошките решенија, институционалната координација и дисциплинираната употреба на комуникациските средства. ■



Михаил Герџиков (лево), Димо Хаџи Димов (десно) и Тодор Паница (во средина)

**Од приватната архива на Диме Ратајкоски.**